Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 224/24) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,04/19, 07/19,1/21,11/25,13/25 и 04/26) постапувајќи по барање на **ОК Медиа Дооел** за сечење и кастрење на дрва, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1.**СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: сечење на 1(едно) дрво (бреза) и кастрење на урбано зеленило (јавно зеленило) на 40(четириесет) дрва (7 јавори, 6 липи, 6 платани, 6 даба, 2 каталпи, 3 јасени, 3 багреми, врба, кајсија, бреза, смрча, јапонска цреша, чемпрес, јапонско јаболко) што се наоѓаат на **Бул. Јане Сандански, ул. Димитрија Чуповски, ул. М.Т.Гологанов, Бул. Илинден, Бул. Партизански Одреди, Бул. Св. Климент Охридски и Бул. К.Ј.Питу - Скопје**.
2.Сечењето и кастрењето на дрвата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје најдоцна во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението.
3. Сечењето и кастрењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**ОК Медиа Дооел, ул. Скупи бр.3А,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр.**14-6/263** од **03.04.2026** година за сечење и кастрење на дрвата што се наоѓаат на **Бул. Јане Сандански, ул. Димитрија Чуповски, ул. М.Т.Гологанов, Бул. Илинден, Бул. Партизански Одреди, Бул. Св. Климент Охридски и Бул. К.Ј.Питу - Скопје.**
Службено лице од Град Скопје и службеникот од ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.
Утврдено е дека од дрвата предмет на барањето 1 (едно) дрво бреза е целосно суво и мртво, се наоѓа во близина на билборд, опасно е и може да падне и причини материјална штета, а останатите дрва потребно е да се искастрат бидејќи имаат неуредни крошни и широко разгранети гранки коишто ја попречуваат видливоста на билбордите.
Согласно член 8 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 224/24), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, Согласно член 13

од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило и 1 (едно) дрво потребно е да се исече бидејќи е целосно суво, а останатите да се искастрат па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/263/2**
**15.05.2026** година
Скопје

**Доставено до:**Барателот, ЈП “Паркови и зеленило”-Скопје и Архива

Изработил:
**Марија Стојановска**

Раководител на одделение
**Емил Ѓуровиќ**

Помошник Раководител на сектор
**Петар Гичаровски**

Секретар на Град Скопје
**Славче Трпески**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ QYTETI I SHKUPIT-SHKUP REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT